# Мрежата **во акција**

## Изнаоѓање на бизнис партнери

### Споделба на знаењето

**Мајк Бек, извршен директор на Bacchus and Beyond Wine Tours од Шкотска, има долгогодишно искуство во винската индустрија, и е емотивно поврзан со винскиот регион во Пидмонт во Италија. Enterprise Europe Network од Шкотска му помогна да направи спој на двете негови пасии и да го создаде "King of Wine Tours" во Италија.**

Започнувањето нов бизнис може да претставува вистинска тешкотија особено кога тоа вклучува работи со некоја странска земја. Експертот од мрежата г-ѓа Сара Мекскиминг на г. Бек му даде неопходни информации за импликациите на ДДВ-то во работата во Италија и му обезбеди и листа на сметководители од регионот Пидмонт кои говорат англиски јазик.

Мрежата се покажа во вистинско светло кога успеа на г. Бек да му пронајде и партнери со комерцијални минибуси во Италија. Единствено Enterprise Europe Network успеа во овој случај кога другите организации за поддршка на бизнисот не можеа. Бек доби листа од 15 потенцијални партнери и веќе има потпишано договор за соработка со еден од нив.



## Влез на нови пазари

### Помош при даночни проблеми

**Семејната фирма „Ричард" се занимава со санитарни и водоводни работи во Мекси, Франција, повеќе од 20 години. На крајот, нејзините сопственици Марк и Естел Ричард, и нивните 11 вработени решија да ја искористат предноста од близината на границата и да го прошират бизнисот обезбедувајќи услуги во Луксембург.**

Барајќи совет тие стапија во контакт со локалната членка на Enterprise Europe Network основана во регионалниот совет на Лорен во Мец, Франција. Мрежниот експерт Тифани Роктон се сретна со семејството Ричардс и ги насочуваше во законските рамки за обезбедување услуги во друга земја на Европската Унија.

Во клучниот момент кога тие се соочија со тешкотиите со даночните проблеми токму Роктон беше таа која ги врати на патеката. Нејзиното специјализирано знаење на даночната регулатива на ЕУ им помогна брзо да го решат прашањето. Во моментов, оваа фирма една четвртина од својата работа ја изведува надвор од границата во Луксембург.

# Мрежата **и вие**

» „Со поддршка на Мрежата, ние бевме целосно информирани за сите можни извори за финансирање на нашите истражувачки активности. Нивните искуства и совети имаа големо влијание на нашиот успех во нашите апликации за финансирање од страна на европските програми за истражување и развој."

*Александар Тасев, Акота, Скопје, потпомогнат од страна на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија*

» „На сите прашања што ги поставуваме во врска со европските тендери или за новите извозни пазари, ние секогаш добиваме брза, прецизна и ефективна помош од страна на сите канцеларии на Enterprise Europe Network во Унгарија."

*Bagnar Miklos, Bagnar KFT, Унгарија, поддржан од страна на ITD Унгарија.*

» „Благодарение на Enterprise Europe Network пронајдовме иновативен производ што ни беше потребен за унапредување на нашата програма и конкурентност. Стапивме во контакт со повеќе претпријатија од странство, а моментално сме во преговори со партнер од Словенија за постигнување на договор за лиценца."

*Ненад Фиданоски, Глобал Нет, Скопје, потпомогнат од страна на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија.*

Enterprise Europe Network е создадена на иницијатива на Генералниот директорат за претпријатија и индустрија на Европската комисија. Извршната агенција за конкурентност и иновации (EACI) е одговорна за оперативното управување на мрежата. Enterprise Europe Network е кофинансирана од европскиот буџет во рамките на Програмата за претприемништво и иновации (EIP) во склоп на Рамковната програма за конкурентност и иновации (CIP). За периодот 2007-13 година, буџетот на мрежата изнесува 320 милиони евра.

## Европски информативен и иновативен центар во Македонија

*www.een.mk*


**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (координатор)**

тел. (02) 3293 204 факс: (02) 3293 202 *e-mail: eiicm@ukim.edu.mk*

**Фондација за менаџмент и индустриско истражување**

тел. (02) 3077 008 факс: (02) 3072 814 *e-mail: eiicm@mir.org.mk*

**Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија**

тел. (02) 3120 132 факс: (02) 3135 494 *e-mail: eiicm@apprm.gov.mk*

**Стопанска комора на Македонија**

тел. (02) 3244 023 факс: (02) 3244 088 *e-mail: elenam@mchamber.mk*



Executive Agency for Competitiveness and Innovation
B-1049 Brussels



© European Union, 2009
The responsibility for the content of this publication lies with the authors. It does not necessarily represent the opinion of the European Community. The EACI is not responsible for any use that may be made of the information contained herein. The information contained is given for information purposes only and does not legally bind any of the parties involved.



Photos: Enterprise Europe Network, EACI

EA-78-09-955-EN-D





**Европски** информативен и иновативен центар **во Македонија**

# Сè што му треба на вашиот бизнис

*Мрежа на бизнис можности*

**European Commission**
Enterprise and Industry



## Сакате да влезете на нови пазари?

„Би можел да продавам на друг европски пазар, а сè што треба да знам е како.“ Мрежата може да ви помогне да најдете нови бизнис партнери и нови пазари.

## Барате помош во врска со технологиите?

„Треба да пронајдам пазар за новата технологија која ја развиваме“. Мрежата може да ви овозможи контакти со други мали и средни претпријатија кои можат да ви обезбедат примена на вашата нова технологија или пак да ви обезбедат технологија што ви недостасува.

## Потребни ви се финансии?

„Концептот е навистина здрав и сега треба да истражувам. Но, тоа ќе одземе и време и пари!“ Мрежата има докажана евиденција во помагањето на луѓето како вас при зголемувањето на нивните шанси во добивањето тендер или пристап во европските фондови.



# Enterprise Europe Network: **Ваш бизнис партнер**

Enterprise Europe Network ја сочинуваат повеќе од 570 организации за поддршка на бизнисот во и надвор од ЕУ. Со тоа, таа е добро позиционирана за да ви помогне да пронајдете набавувачи, дистрибутери, доверливи извозни партнери и начини за откривање и продажба на технологија. Експертски совети и практична поддршка од локалните партнери, на вашиот јазик се оддалечени само со еден телефонски повик.

## Не сте сигурни како да го подобрите вашиот бизнис?

„Речиси сме тука на целта, но сепак нешто не е како што треба.“ Мрежата може да ви даде соодветен совет кој одговара на вашиот бизнис.

Доколку ви е потребна одредена технологија за подобрување на вашиот бизнис или пак барате начин за да профитирате од вашата иновација, Мрежата може да ви помогне тоа да го остварите. Користејќи ја најголемата светска база на податоци за понуда и побарувачка на технологии, Мрежата, која содржи повеќе од 7.000 технолошки профили, ги соединува науката, истражувањето и нивната комерцијална примена.

## Изгубени во легислативата на ЕУ?

„Работата поврзана со извозот на мојот производ е комплицирана и одзема многу време“. Дозволете и на Мрежата да ве води низ лавиринтот на легислативата на ЕУ и за вас да ги сруши сите бариери.

Зборувајте со нашите експерти за начинот како да пристапите до европските фондови за истражување и развој, иновации, инвестиции, консалтинг услуги, вработување, обуки и извоз. Добивањето договори од јавниот сектор не е лесно, но може да ви помогне и да ве поддржи на вашиот пат.

## Не знаете од каде да почнете?

„Мора да пронајдам правник, да најдам дистрибутер и по можност да најдам и партнер. Треба и да засукам ракави бидејќи ми треба нова технологија“. Повикајте ја Enterprise Europe Network, вашиот едношалтерски систем за сè што им е потребно на малите и средни претпријатија.

Enterprise Europe Network **Сè што му треба на вашиот бизнис**



Доколку едноставно чувствувате дека вие можете повеќе, но не може да ви текне што е тоа што треба да го промените можете да ја повикате мрежата. Нејзините експерти ќе ве посетат и заедно ќе изработите сè што ви е потребно за најповолно да ги искористите можностите што ви се нудат. Стручниот совет може да ве „просветли“ а најважно е што тоа нема да Ве чини пари.

Толкувањето на европската легислатива и на нејзините директиви може да претставува значајна тешкотија за бизнисот. Мрежата ќе го тргне „жаргонот“ и ќе ви каже какви се нивните влијанија врз вашиот бизнис. Доколку имате некое прашање за законите и политиките на ЕУ, Мрежата може да ви понуди нивно директно толкување за специфичните потреби на вашата компанија.



Мрежата е едношалтерски систем кој ви овозможува се што ви е потребно за бизнисот. Доколку директно не можеме да одговориме на вашето прашање, ние ќе пронајдеме лице кое ќе го стори тоа. Имаме цврсти врски со институциите на ЕУ и дејствуваме како посредник помеѓу нив и локалните клиенти како на пример: регионалните власти, даночните власти, царината и сл. Ако не знаете од каде да почнете, побарајте нè, ние ќе ве упатиме на вистинскиот пат.